| Ритмичко-балетска секција | Развивање и проширување на вештините за ритмичко движење | Трајанка Дукова<br>Весна Иванова | 1 час седмично | 10-20 ученициI-V одделение | компјутери (лаптопи), интернет<br><br>касетофон | Запознавање сопрограмата и реализација на содржините според дадената програма.<br><br>Учество на приредби, новогодишни претстави по повод Патрониот празник и други поводи. | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Литерату рно-рецитаторска секција | Развивање на усното изразување и творење по дадена тема | Мирјана Таскова<br><br>Стојне Кавазова П.У с.Виничани | 1 час седмично | 30 ученици I-V одделение<br><br>10 ученици I-V одделение | Програма за работа, Правопис на македонскиот литературен јазик, текстови и песни, книги,интернет | Запознавање сопрограмата и реализација на содржините според дадената програма.<br><br>Учество на приредби, новогодишни претстави по повод Патрониот празник и други поводи. | |

## *9.3 Акции*

Во нашето училиште во текот на учебната година се организираат разни видови на акции, како што се еколошки акции, хуманитарни настани, базари по повод одбележување на големите верски празници според календарот, со јасно дефинирани содржини ,време на реализација и задолжени за реализација во која задолжително има претставник од Советот на родители.

| **Акции** | **Содржина** | **Време на реализација** | **Реализатори** | **Опфатеност на ученици** | **Потребни средства, материјали и извори** | **Тим за следење** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Базари | Организирање базари по повод Нова година, Велигден во кои се вклучени учениците, родителите и наставниците. | декември<br><br>мај | наставници | Од I-IX одделение | Сопствени средства | Претставник од Совет на родители, наставници, стручни соработници, директор |
| Хепенинзи | Ликовен хепенинг по повод Патрониот празник на училиштето<br><br>Ликовен хепенинг во рамките на проектот МИМО | декември<br><br>во текот на учебната година | наставници<br><br>наставници | Од I-IX одделение | Сопствени средства | Наставници |
| Хуманитарни | -Денот на гладот | 16 октомври | стручни | Од I-IX | Совет на | Претставник од Совет |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| акции | -Хуманитарна новогодишна акција на ниво на училиштето<br>-<br>Хуманитарни акции доколку се создаде потреба | декември<br><br>во текот на учебната година | соработници, одделенски наставници, членови од Советот на родители. | <u>одделение</u> | родители | на родители,стручни соработници, |
| Еколошки акции | Светски ден на планетатаЗемја,<br><br>Денот на пролетта,<br><br>Активности во соработка со општината<br><br>Уредување на непосредната околина на училиштето (еколошки акции, кампањи, редовни еколошки патроли) | 22 април<br><br>22 март<br><br>во текот на учебната година<br><br>во текот на учебната година | Еко секција,наставниците | Од I-IX одделение | Сопствени средства | Стручни соработници, наставници, родители |

## *10. Ученичко организирање и учество*

Мисијата на училиштето е не само да овозможи, туку и активно да ги поттикнува и мотивира учениците да се здружуваат, дејствуваат и да бидат активни во заедницата на паралека, училишната заедница како и ученичките работни тела. Ученичкото организирање служи за да се овозможи активно учество на учениците во застапувањето, промовирањето на нивните права и интереси преку демократско учество во донесувањето на одлуки во однос на прашања кои се од нивен непосреден интерес. Учениците преку нивните тела треба да учествуваат во донесувањето на одлуки, согласно член 68 од ЗОО училиштето ќе овозможи организирање на сите ученици во Училишна заедница, за кое учениците имаат свое право да се организираат во заедница на паралелки и Ученички парламент.

**o** Заедницата на паралелка ја сочинуваат сите ученици кои на демократски начин избрале претседател кои ке ги преставува во Ученичкиот парламент.
**o** Ученичкиот парламент го сочинуваат сите претседатели на паралелката. Претседателот на Ученичкиот парламент се бира на со мнозинство гласови од вкупниот број на преставници од претседателите по пат на тајно гласање.
**o** Ученичкиот правобранител се грижи за заштитата и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се бира со мнозинство гласови од учениците од VII-IX одд. по пат на тајно гласање,

Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител доставуваат План за работа за новата учебната година, а за финансирањето на активностите ке се обезбедат средства од Општината, донации од бизнис заедницата и др.

## *10.1.Програма за работа на ученички парламент за учебна 2023/2024 година.*

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. **Координативното тело на ученичкиот парламент** е составено од координаторите на одделенија, двајца претставници – наставници именувани од директорот на училиштето од редот на тимот за поддршка на ученичко учество (без право на глас) и секретарот на ученичкиот парламент.
Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст. Активностите во ученичките организации во училиштето се од посебно значење за правилниот воспитно – образовен развој на учениците.

**Ученичкиот парламент:**

-  активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците;
-  го промовира ученичкиот активизам;
-  учествува во активностите за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности;
-  учествува во подготовката на годишната програма за работа;
-  дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии;
-  дава предлози за воннаставни активности на училиштето;
-  дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард;
-  учествува во евалуацијата на работата на училиштето;
-  преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет;
-  организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа;
-  активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;
-  го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, истражувања, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации;
-  поднесува иницијативи и барања до училишните органи за подобрување на пристапот и квалитетот на образование во училишната установа;
-  соработува со институциите и другите организации што работат со младите;
-  промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку информирање за своите активности.

Организационо, се работи според изработен годишен план, со одржување редовни состаноци, на одредени теми. Во темите се опфатени: успехот и поведението на учениците, културно - забавниот живот, социјалните прашања, дискусии за одредени теми, естетскиот изглед на училиштето и други прашања во училиштниот живот кои се актуелни за учениците.
Во реализација на годишната програма, активно се вклучени учениците, директорот на училиштето, родителите, наставниот кадар и стручната служба на училиштето. Прилог.

## *10.2.Програма за работа на ученички правобранител за учебна 2023/2024 година*

Ученички правобранител е ученичка функција и должност (Според членот 68, став 8, Законот за основно образование)која претставува модел на ученичко учество чијашто улога е да се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето.

Тој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во и надвор од училиштето (училиштен кадар и Народен правобранител).За да се обезбеди поголемо вклучување во различни одделенија, може освен ученички правобранител да се изберат и (најмалку) двајца негови заменици.

Право на пријавување за функцијата ученички правобранител имаат учениците од 7, 8 или 9 одделение.

Право на пријавување за функцијата заменик на ученичкиот правобранител имаат учениците од 6, 7 и 8 одделение.

Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител и неговите заменици ќе биде составена од две примарни компоненти:

***1. Промовирање на детските права***

Задача на ученичкиот правобранител за промовирање на детските права примарно ќе биде реализирана преку:

 промотивни активности (едукативни работилници, дебати, инфо-денови итн.);

 информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права;

 подготовка на извештаи (полугодишен и годишен) во кои се сумирани поднесените поплаки и состојбите со прекршувањето на правата на учениците во училиштето).

***2. Поддршка за заштита на детските права***

Поддршката за заштита на детските права како задача на ученичкиот правобранител и неговите заменици ќе се реализира преку:

 поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето;

 препознавање прекршување на детските права и прибирање поплаки од учениците, кои понатаму ги доставува до стручната служба на натамошно решавање;

 подготовка и доставување приговори од страна на ученици поврзани со прекршување на нивните права од страна на наставниот и ненаставниот кадар во училиштето до директорот и до училишниот одбор;

 редовна комуникација и координација со стручната служба на училиштето;

 можно учество во работата на ученичкиот парламент и другите тела на училиштата на кои се разговара за проблеми поврзани со можни повреди на правата на учениците.

Во реализација на годишната програма, активно се вклучени учениците, директорот на училиштето, наставниот кадар и педагошката служба на училиштето.

## 11.Вонучилишни активности

Врз основа на член 42 од Законот за основно образование (Сл.Весник бр.161/2019 годд.) и врз основа на Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 год. утврден од Министерот е изготвена Програмата за планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности во училиштето во учебната 2023/2024 год.

Екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците се вонnаставни активности кои се изведуваат надвор од училиштето со цел продлабочување на знаењата на учениците по одделни воспитно- образовни подрачја и наставни предмети како и постигнување на други воспитни, образовани и рекреативни цели.

Целите на училишните екскурзии, излетите и други училишни активности се остваyуваат преку:

- Истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот,
- Посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење,
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики,
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одередени краеви во државата,
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот,
- Запознавање на учениицте со културата на различни етнички заедници што живеат во нашата држава,
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ игражаните кои припаѓаат на други народи кои живеат во државата,
- Дружење, социлализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа засебе си,
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот заизведување на екскурзиите.

## 1.**Излети и екскурзии кои се планираат во првото полугодие:**

**-** есенски излет за учениците од II,III,IV,V ,VI,VII и VIII одделение

## 2. **Излети и екскурзии кои се планираат во второто полугодие:**

- еднодневен пролетен излет за учениците од II , IV и V

- еднодневен пролетен излет за учениците од VII и VIII одделение

- еднодневна пролетна екскурзија за учениците од III и VI одделение

- дводневна екскурзија за учениците од IX одделение

- настава во природа за учениците од V одделение

## *11.1 Екскурзии, излети и настава во природа*

Стручен тим за изработка на Програма за екскурзии и други слободни активности на учениците се следните членови:

1.Каролина Кирова –директор

2.Фани Антониевска-предметен наставник

3.Оливер Димов- предметен наставник

4.Наташа Илиќ-одделенски наставник

5.Маја Ефтимова- одделенски наставник

Со оваа програма се одредуваат воспитно-образовните цели, задачи,времетраење,локации за посета и правци на посетување.

Техничка организација и начинот на финансирање на екскурзиите и излетите е изработен според „Правилникот на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците во сновните училишта “.

**1.Излети и екскурзии кои се планираат во првото полугодие:**

**-**есенски излет за учениците од II,III,IV,V ,VI,VII и VIII одделение

**2.Излети и екскурзии кои се планираат во второто полугодие:**

**-**пролетен излет за учениците II , IV,V , VII и VIII одделение

-еднодневна пролетна екскурзија за учениците од III и VI одделение

-дводневна екскурзија за учениците од IX одделение

-настава во природа за учениците од V одделение

**<u>3.Посети:</u>**

За поадекватно реализирање на наставниот план и програма, за полесно осознавање на наставните планови и содржини

планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и млади
- Археолошки музеј
- Археолошки локалитет
- Музеј на Македонската борба
- Природно-научен музеј
- Зоолошка градина
- Саем на книгата
- Градски кина
- Изложби

Прилог

## *11.2 Податоци за учениците вклучени во вонучилишните активности*

Во текот на учебната година со спроведување на анкета, учениците се изјаснуваат за нивните афинитети кон одредени воннаставни активности и за истите, задолжените наставници водат сопствена евиденција.

## 12.Натпревари за учениците

Ученичките натпревари ќе опфаќаат активности преку кои ќе се презентираат постигањата на учениците и училиштето во наставата и другите подрачја во воспитно-образовната дејност.Тие ќе се реализираат се со цел учениците да го развијат натпреварувачкиот дух.Учениците ќе земат учество на училишни,регионални и републички натпревари по оние предмети и области за кои што соодветните здруженија поседуваат акредитација од страна на МОН. Воедно учениците ќе земат учество на распишани конкурси и други форми на натпревари по повод државни празници,јубилејни прослави со свои творби по одделни предмети и области.

| **Ученички натпревари** | **Вид на натпревар** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Опфатеност на ученици** |
|---|---|---|---|---|
| Општински натпревари | -математика,природни науки,географија,македонски јазик,историја,физика,хемија,англиски јазик,француски,биологија,ликовно,физичко образование | Март/април | Предметни и одделенски наставници | IV-IX одделение |
| Регионални натпревари | математика,природни науки,географија,македонски јазик,историја,физика,хемија,англиски јазик,француски,биологија,ликовно,физичко образование | април | Предметни и одделенски наставници | IV-IX одделение |
| Државни натправари | Според добиена кфалификација од даден предмет | мај | Предметни и одделенски наставници | IV-IX одделение |
| Меѓународни натпревари | Кенгур,Битолски монмартер | математика,ликовно | Предметни и одделенски наставници | V-IX одделение |
| Училишни | математика,природни | Февруари/март | Предметни и | III-IX одделение |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| натпревари | науки,географија,македонски јазик,историја,физика,хемија,англиски јазик,француски,биологија,ликовно,физичко образование | | одделенски наставници | |
| Училишен натпревар | Европски квиз на парите -математика | Март | Предметни наставници | IX одделение |
| Училишни натпревари по повод патронен празник | Ликовна уметност, македонски јазик,спорт, | Декември | Предметни и одделенски наставници | I-IX одделение |
| Смотри –хор и оркестар | Музичко образование | Април | Предметен наставник | VI-IX одделение |

Во периодот од 15.10 до 15.11 во тек е „Месецот на книгата“. Учество може да земат сите ученици преку ликовни и литературтни конкурси. На крајот од настанот се бираат најдобрите творби за која учениците добиваат соодветна награда.

**Забелешка:** Наставниците го задржуваат своето право на своја иницијатива да се вклучат и во други натпревари од национален и интернационален карактер преку кои успешно ќе го промовираат знаењето и талентот на учениците од ООУ ,,Даме Груев”- Градско

## 13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Мултикултурализмот во образованието претставува основа за меѓусебното разбирање и градење кохезивно општество.

Кога се работи за *мултикултурноста и интеграцијата во наставните активности* станува неопходно:

• да се зајакне реализацијата на образование за животни вештини во нашето училиште;

• училиштето до максимум да ја искористи можноста за организирање заеднички наставни активности како што се, на пример, заеднички часови по физичко образование, информатика, странски јазици и сл.

Во доменот на *развивање на капацитетите на наставниците* неопходно е:

• да се обучат наставниците да ги препознаваат етничките стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да можат активно да им се спротиставуваат на предрасудите кои се манифестираат во училишната практика;

• да се обучат наставниците да работат на заеднички активности во етнички/јазично мешани тимови и со етнички/јазично мешани групи ученици;

• да се обучат наставниците да ги користат понудените наставни материјали и да избираат и користат алтернативни наставни материјали на начин кој ќе обезбеди промовирање на етничката интеграција, наместо етничка поделба;

• наставниците да се стимулираат редовно и долгорочно да соработуваат на професионален план (од подготовка за настава и оценување на учениците, до решавање на тековни проблеми).

Кога се работи за *заеднички вон-наставни активности во училиштето* многу е важно:

• самото училиште да иницира и спроведе заеднички вон-наставни активности (секции, приредби/прослави и др.) и вон-училишни активности (излети/екскурзии, учества на меѓучилишни натпревари, посета на културни настани и др.) кои вклучуваат поголем број ученици, се одвиваат почесто и траат подолго.

• да се идентификуваат проекти што се/биле иницирани и спроведувани од невладини и други организации, а покажале позитивни резултати во промовирање на меѓуетничка соработка и да се обезбеди нивна одржливост.

Во сферата на *партиципација на учениците* потребно е училиштето да создаде услови за:

• ученичките заедници да се формираат според демократските принципи;

• да се обезбеди учество на учениците (директно и преку ученичката заедница) во процесите на одлучување во училиштето, особено во однос на прашањата што се однесуваат на меѓуетничката соработка.

Кога се работи за *соработка на училиштето со родителите* неопходно е:

• родителите активно да се вклучат во активностите на училиштето наменети за етнички/јазично „мешани“ групи ученици;

• родителите помасовно и суштински да се вклучат во донесувањето одлуки и решавањето на проблемите во училиштето, особено за оние што се од сферата на меѓуетничките односи.

Од аспект на *дејствувањето на општината* особено е важно:,

• да се реализираат заеднички проекти на општината и училиштата насочени кон промовирање на мултикултурноста во локалната заедница;

• да се обезбеди меѓуопштинска соработка меѓу повеќејазични училиштата (училиште со друг наставен јазик различен од македонскиот).

Со Законот за основното образование се забранува дискриминација по основа на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на правата од основното воспитание и образование.

Меѓу целите на основното воспитание и образование се вброени и следните:

1. Развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо, и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик,

2. Воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, за основните човекови слободи и права.

Во планираните активности, сите содржини што им се нудат на учениците во училиштето треба да ги промовираат толеранцијата и почитувањето на разликите како вредности и да овозможат стекнување знаења и вештини за разбирање и почитување на „другите“. Според овој принцип мултикултурноста на македонското општество бара „основното училиште да го промовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традициите“, а училиштето се смета „одговорно за развивање свест кај учениците за своето културно потекло и за поттикнување на интересот за запознавање на културното наследство на другите заедници“. Во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО) на часовите по сите наставни предмети, како и на часевите за додатна и дополнителна настава, вклучително и на сите вон-наставни активности во кои учествуваат учениците и училиштето, ќе се вклучат содржини кои промовираат мултикултурализам. Во зависност од тоа во кој период училиштето ќе склучи договор со партнер училиште од друга етничка заедница, наставниците и учениците ќе се вклучат во вон-наставните активности организирани меѓу двете училишта во зависност од условите и можностите за соработка меѓу двете страни.

Целта на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието е интегрирање на мултикултурното учење и меѓуетничката соработка во образовниот систем, преку повеќе видови активности кои ги вклучуваат сите субјекти (ученици, наставници, родители, локална заедница). Проектот предвидува соработка помеѓу учениците, наставниците и родителите од сите етнички заедници кои живеат во Република Северна Македонија и ќе даде можност за многу заеднички мултиетнички активности во сите вклучени општини во текот на оваа учебна година и понатаму. (прилог)

## 14.Проекти што се реализираат во основното училиште

Во нашето училиште се реализираат следните проекти

| ***Име на проектот*** | ***Институции за поддршка и помош*** | ***Име и презиме на наставникот или Стручните соработници*** | ***Временска рамка на реализација*** | ***Средства за реализација на проектот*** | ***Општи цели*** |
|---|---|---|---|---|---|
| Меѓуетничка интеграција во образованието | Поддржан од МЦГО,МОН и УСАИД | Вања Јовановска | Во текот на учебната година | / | Едуцирање на ученици За прифаќање на различностите |
| Интеграција на еколошката едукација во основното образование | БРО | Ели Неделковска | Во текот на учебната година | / | Развивање на еколошката свест за зачувување на животната средина |
| Проекти од Еразмус плус програмата | Национална агенција, Секретаријат за европски прашања | Координатор (ќе се избере во текот на учебната година) | Во текот на учебната година | Средства депонирани на буџетска наменска сметка на училиштето | Проширување на професионалмните компетенции и вештини преку традиционали игри |
| Превенција од ненасилно однесување | МОН, УНИЦЕФ | Стручна служба Сашко Арсовски Златко Стојковски Јасмина Колева | Во текот на учебната година | Сопствени средства | Намалување на насилното однесување на учениците, создавање на безбедна Средина за живеење |
| Заедничка грижа за правилно насочување на | МОН | Сара Стојкова | Во текот на учебната година | Сопствени средства | Унапредување на учениците преку заедничка грижа со родителите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| учениците | | | | | |
| Управување со отпад | | Ели Неделковска | Во текот на учебната година | Сопствени средства | Развивање на еколошката свест за зачувување на животната средина |

(Прилог)

# 15.Поддршка на учениците

## *15.1 Постигнување на учениците*

Наставниот кадар во нашето училиште води редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици кои достојно го претставуваат нашето училиште во сите натпреварувања организирани од БРО, Федерација за училишни спортови на Македонија и други друштва од земјата. Евиденција се води и поодделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој од наставниците во училиштето. Нашето училиште јавно ги пофали и соодветно ги награди сите заслужни за постигнатите резултати во последните години и ќе продолжи да го спроведува истото и во следните години. На сите ученици им без доделени посебни пофалници за постигнатите резултати и достоинственото презентирање и афирмирање на нашето училиште низ државата, кои свечено им беа доделени на јубилејниот патронат на училиштето пред учениците и родителите.

## *15.2 Професионална ориентација на учениците*

Тим за професионална ориентација; Сара Стојкова-психолог, Вања Јовановска- педагог, Цвета Колева, Фани Димовска-класни раководители на 9 одделение,  Златко Стојквски-класен раководител на 9 одд (Виничани)

Појдовни основи за концепирање на програмата:

- Правилно информирање на учениците за избор на занимање според нивните интереси и способности
- Упатства и совети до родителите; значаен и влијателен фактор за избор на занимање
- Влијанието на другарите и пријателите при избор на занимање
- Влијанието на општеството и медиумската култура при избор на занимање

Прилог

## *15.3 Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација*

Учениците учествуваат во разни активности во соработка со МВР. Воедно тимови од МВР за учениците вршат обука за однесување на учениците во сообраќајот. За болестите на зависност одделенските раководители и раководителите на паралелки на одделенските часови реализираат работилници од програмат за Животни вештини, идентификација на учениците кои имаат проблеми со зависност се врши во соработка со стручната служба и се превземаат мерки за нивно надминување. Идентификацијата на учениците кои имаат асоцијално однесување се врши во соработка со стручната служба и потоа се превземаат мерки за нивно надминување преку советување на учениците и родителите, известување до педагошката служба во МОН. Стручната служба остварува соработка со Центарот за социјални грижи - Велес, ЈСУ Здравствен дом – Велес.(прилог)

# 16.Оценување

## *16.1 Видови оценување и календар на оценувањето*

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди: Учениците кои се опфатени во првиот период I-IIIодделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VIодделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. На крајот од првото и третото тромесечие добиваат описни оценки а на полугодие и на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование. Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки. Напочетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверувањена постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивнитегодишни тематски ипроцесни планирања. Се користат форми, методи на следење, инструменти за следење на постигањата на учениците ( чек листи, аналитички листи, увид во портфолио.

## *16.2 Тим за следење, анализа и поддршка*

Во училиштето постои тим за следење,анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи .Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки,по пол  и националност за 3 години наназад. При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата  оцените.Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

## *16.3 Стручни посети за следење, анализа и поддршка*

Сите предметни наставници се должни до септември 2023 да ги доставаат новите годишни глобални планови како и првите наставни теми. Исто така секој од нив треба да поседува дневна подготовка за реализација на наставниот час која ќе биде предмет на систематско анализирање и вреднување. Ќе се следи и евидентира секоја забелешка во поглед на потешкотиите и слабостите особено во новите наставни планови и програми со цел истите да се надминат.

Следењето и вреднувањето на работата на наставниците ќе го вршат:

1. членовите на соодветен актив , каде не учествува самиот наставник при негово оценување(пр. Во активот на јазичари има 7 наставници за оценување на секој наставник учествуваат 6-те наставници), извештај поднесуваат до  директорот,
2. директорот со следење на часови најмалку 2 пати во текот на едно полугодие кај секој наставник,

3. стручна служба преку посета на часови и контрола на планирања на наставниците
4.советници од Бирото за развој на образованието,
5, ДИЦ
6. Државниот просветен инспекторат,
Следењето и вреднувањето на работата на наставниците ќе го опфаќа следното:
- Настава и други видиви организирана работа со учениците;

- Следење и оценување на учениците;

- Планирање на наставата и избор на форми, методи и сретства за нејзино реализирање;

- Подготовка на дидактички помагала;

- Соработка со родителите;

- Вршење на задачи на одделенски раководител;

- Учество во интерно проверување на учениците;

- Водење на педагошка евиденција и документација;

- Уредување на кабинети, збирки, училишни работилници, вежбални, игралишта, насади и сл.

- Организирање на културни, спортски и други општокорисни активности со учениците;

- Водење на слободни ученички активности и работа на проекти и истражувања со учениците;

- Подготвување и водење екскурзии, излети, натпревари, настава во природа, и сл;

- Вршење на други работи предвидени со годишната програма;
Стручната служба континуирано води Професионално досие за наставниците. Секој наставник води сопствено наставничко портфолио.

## *16.4 Самоевалуација на училиштето*

Согласно член 146 од Законот за основно образование училиштето врши самоевалуација која се спроведува на крајот на секоја втора наставна година и има за цел. Самоевалуацијата опфаќа 7 подрачја, а податоците кои се содржат во неа се добиваат од различни извори: главни книги, годишни, полугодишни извештаи, годишна програма за работа на училиштето, одделенски дневници, записници од Училишен одбор, наставнички совети, разговори, интервјуа, анкети за учениците, наставниците и родителите, набљудување и сл.

За секое подрачје се формира и тим за изработка кој детално го обработува своето поле и изнесува слаби и јаки страни, како и анализа на резултатите и идни активности кои ќе бидат спроведени.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);

-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наод, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);

-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да доставаат забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во училиштето, распоредени во тимови поделени по подрачја.

Врз основа на Извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето изготвува Програма за развој.

Последната смоевалуација е спроведена во декември 2022 год. Врз основа на анализите од самоевалуацијата се темелат и приоритетите и целите кои се содржат во оваа Годишна програма, изнесени погоре.

## 17.Безбедност на училиштето

Училиштето располага со интерен План за заштита и спасување при настанување на елементарни непогоди. Во планот се опфатени ресурсите со кои располага училиштето за заштита и мерките кои би се превземале за избегнување или намалување на несаканите последици во случај на елементарни непогоди:земјотрес,поплава,пожар,невреме,исл. Поставени се ПП апарати на видно место и се обучени наставници и вработени за употреба на истите и истите редовно се сервисираат. Училиштето има План за евакуација истакнат на видно место во училиштето.За вработените се организираат редовно обуки за безбедност при работа и вежби и симулации за постапувања во случај на елементарни непогоди.Во училиштето соодветно се означени потенцијално опасните места за учениците и вработените преку видливи ознаки. За одржување на безбедноста во училиштето, ќе продолжи да функционира физичкото обезбедување и поставениот видео надзор, а во ходниците ќе се изведува дежурство од страна на наставници.Наставниците дежураат пред почетокот на часовите и за време на големиот одмор .Дежурството на наставниците се изведуваат согласно распоредот за дежурства.

## 18.Грижа за здравјето

Заштита и унапредувањето на здравјето на учениците се остварува со редовни систематски лекарски прегледи, вакцинации, стручни предавања (а кога ќе има потреба ќе се преземаат и други мерки) за што се води евиденција во стручната служба.
Здравјето е најважно  од сè, затоа училиштето чувствува одговорност за едуцирање на учениците од областа на здравјето и практично прикажување на здрава и чиста средина настојувајќи да биде пример и поткрепа за целата теорија  која им се прикажува на учениците.

Затоа во училиштето се врши редовно одржување на хигиената во училиниците, помошните простории, санитарните јазли,училишниот двор и фискултурната сала.
Редовно и навремено се врши чистење на училишните ходници. Хигиеничарите според утврден распоред вршат контрола на секоја пауза помеѓу часовите и се проверува хигиената во училниците, ходниците и тоалетите во училиштето.
Секој месец се спроведува генерално чистење на целото училиште.
Училиштето има специјализирани канти за селектирање на отпадот. Спроведените Еко-акции значително влијаат на подобрување на хигиената, подигање на еко - свеста кај учениците, формирање хигиенски навики и осознавање за здрава и чиста животна средина.

## *18.2 Систематски прегледи*

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ-Здравствен дом Велес-Школска медицина, ЈЗУ Здравствен дом Велес – завод за здравствена застита-одделение Медицина на трудот,Сектор за епидемиологија и микробиологија и училиштето,според плановите за работа на институциите.За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три год,се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед,интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед.Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: Iодд, IIIодд, Vодд, VIIодд и IXодд., кој опфаќа:мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).
Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд до VI одд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон.За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во ЈЗУ Здравствен дом Велес . При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после

завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати, информации,состојби,укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

## 18.3 Вакцинирање

Вакцинацијата се изведува по календарот за имунизација и вакцинација по определен распоред кој го добива училиштето од здравствените установи тековно, според наведените насоки и потреби дадени од Центарот за јавно здравје Велес.

Одговорни лица за спроведување на  активноста се стручната  служба служба и класните раководители.

## 18.4 Едукација за здрава храна – оброк во училиштата

Училишниот Еко тим прави програма за едукација на учениците за здрава храна во која се вклучени едукативни предавања и презентации. Во програмата Образование на животните вештини (ОЖВ) која се изведува на часовите на оделенската заедница се реализира на повеќе теми за здрава храна,здравиот начин на исхрана и живеење.Одделенските наставници реализираат работилници вклучувајќи ги и родителите.

Еко тимот во соработка со учениците,родителите и наставниците ќе изработат штанд за презентација на здрава храна по повод 7-ми Април Светскиот ден на здравјето.

# 19.Училишна клима

## *19.1 Дисциплина*

Училиштето водејќи сметка за целосната дисциплина во училиштето а со тоа ја обезбедува и безбедноста на учениците во училиштето. За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен Куќен ред кој треба да го почитуваат сите субјекти во училиштето.Се изработуваат правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите. Дисциплината во училиштето се одржува преку редовно дежурство на наставниците распоредени низ училишната зграда и простории. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки ,пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и Евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците и др.интерни протоколи. Дежурните наставници редовно водат писмена евиденција за тековните збиднувања во наставниот ден и случувања за време на одморите .За дежурствата се бележи соодветна документација за сите збиднувања за време на одморите.

## *19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување: патронен празник и хепенинзи на различни теми. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно -образовниот процес. По повод одредени празници во училиштето се формираат комисии за избор на најубаво уредена училница, за која учениците добиваат пригодни награди кои претставуваат мотивација и поттик за континуирано естетско уредување на просторот во училиштето.Со учество на учениците и наставниците во училиштето, а во некои активности и со учество на родителитесе води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци.

Во училиштето се развива одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето и естетскиот амбиент на просторот (училниците ) во кои се поминува голем дел од денот.
Преку реализацијата на општествено корисната работа кај учениците ќе се негува позитивниот однос кон работата. Во текот на учебната година одговорните наставници и сите членови вклучени во воспитно-образовниот процес, ќе учествуваат во активностите според програмата дадена од одговорните на тимот Сашко Арсовски, Биљана Славева и Маја Милосављевиќ,а во која се посочени активности за разубавувавање и уредување на училниците, холовите, преку заеднички работилници, изработки според актуелните теми кои ќе се реализираат.

## *19.3 Етички кодекси*

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти кои го сочинуваат. Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат.

Такви се :

- *Куќен ред*
- *Кодекс за однесување научениците*
- *Кодекс за однесување нанаставниците*
- *Кодекс на однесување народителите*
- *Еко кодекс*
- *Правилник за видовите педагошки мерки кај учениците инаставниците*
- *Правилник за видовите на пофалби, награди кај учениците инаставниците*
- *Правилник за оценувањена работата и стручните соработници наставниците и напредување во звања*
- *Правилник за организирање и изведување ученичкиекскурзии*
- *Правилник за водењето, формата и содржината на педагошката евиденција идокументација*
- *Правилник за надоместок на штета направена од учениците врз компјутерите и целата опрема и друг училиштен инвентар*

Во постапката за донесувањето на наведените кодекси и правилници вклучени се и учениците во рамките на активностите на нивните ученички заедници и училишната заедница.

**Други форми на уредување на односите**

Во интерес на одржување на добри односи на училишната средина,се реализираат и следните активности:

- ***Дежурство на ученици во училница***
- ***Дежурства на наставници***

## *19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето*

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него(Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи).Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка , вработените во училиштето, како и досега,ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод: Ден на училиштето , Нова година , на жената ,Ден на шегата, Екскурзии за учениците и наставниците.Оваа учебна година посебно внимание ќе се посвети на прослава на верските празници : Велигден, Курбан Бајрам во рамките на Проектот за меѓуетничка нтеграција во образованието” .

# 20.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

## *20.1 Детектирање на потребите и приоритетите*

Наставниците во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат. Професионалниот и кариерниот развој на наставниците и стручните соработници се уредени со Законот за основно образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта во РСМ, како и Правилникот за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта.

Основните професионални компетенции и стандарди за наставниците опфќаат знаења, способности и вештини коишто ги поседува наставникот за да може квалитетно да ја обавува наставничката професија. Тие опфаќаат професионални вредности, професионални знаења и разбирања, како и професионални способности и вештини во следниве подрачја:

1. Знаења за наставниот предмет и за воспитно образовниот систем
2. Поучување и учење
3. Создавање стимулативна средина за учење
4. Социјална и образовна инклузија
5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата
6. Професионален развој и професионална соработка

На сопственото стручно усовршување наставникот е должен да посвети најмалку 60 часа во текот на три учебни години, од кои минимум 40 од учество на акредитирани програми за обука за што средства се обезбедуваат во буџетот на БРО, ЛС и образовни проекти одобрени од МОН. Исто така, секој наставник во рок од три години поминува 20 часови обука за приоритетни програми определени од министерот, за што средства се обезбедуваат од буџетот на БРО. Наставникот прави **личен план за професионален развој** за секоја учебна година. Планот го одобрува директорот на училиштето на предлог на тимот за професионален развој на училиштето, кој се состои од координаторите на стручните активи на наставници, директор и стручен соработник.

**Детектирање на потребите и приоритетите**

Врз основа на увидот во личните планови за професионален развој на наставниците како и претходно извршените разговори,анкети и анализи, тимот при ООУ „Даме Груев“- Градско изготви акциски план за потребите и приоритетите од професионално усовршување на наставниот кадар и стручната служба за учебната 2023/2024 год. која се содржи во делот со прилози.

Исто така утврдена е и потреба од развој на меките вештини кај вработените, кои играат голема улога во професионалниот развој. Тие овозможуваат ефективно и ефикасно да се користат и тврдите вештини, знаењето и искуството. Овој вид вештини го подобруваат начинот на кој луѓето соработуваат, влијаат навреме и успешно да се завршат работните задачи и поставени цели

## *20.2 Активности за професионален развој*

**Кариерниот развој** ќе се остварува согласно Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта во РСМ. Доколку наставник сака да напредува во звање, потребно е да се пријави на конкурс што ќе се објави на страницата на МОН. Бодови за напрадување се добиваат од проф.развој, проф.практика и проф.соработка и соработка со семејството и заедницата. Апликантот врз основа на нормативната регулатива ги присобира бараните докази, а училиштето обезбедува мислење за исполнетоста на дел од компетенциите според следниов план:

| **План за кариерен развој на воспитно–образовниот кадар во ООУ „Даме Груев“ Градско** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 1** | **Реализација** | **Активност 2** | **Активност 3** | **Реализација** | **Носители на активностите** |
| Запознавање на воспитно-образовниот кадар во училиштето со основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставник/,наставник-ментор, наставник-советник | На почеток на учебната година или по барање на наставник/ стручен соработник | -Увид во доказите<br>-Информации по пат на анкета од:<br>1.Родители<br>2.Ученици<br>3.Наставници<br>4.Увид во училишната документација | Проценка/мислење од страна на училиштето | По барање на наставник | Директор, наставници, стручна служба, ученици, родители |

## *20.3 Личен професионален развој*

Секој наставник е задолжен да:

- води сопствено портфолио/ професионално досие кое е контролирано од стручната служба и инспектори од ДПИ,

- посетува семинари, обуки, работилници, работни состаноци со цел лично усовршување, стекнување нови искуства и сертификати,

- изработи план за личен професионален развој.

## *20.4 Хоризонтално учење*

**Хоризонталното учење**, како и досега, ќе се остварува преку размена на искуства и добри практики на наставниците на ниво на училиште, преку стручните активи, отворените часови, дисеминации, работилници и други облици на состаноци и едукации внатре во организацијата, но и преку соработка со колеги од други училишта од земјава и странство.

За успешно имплементирање на ваквиот вид учење неопходно е унапредување на тимската работа.

Професионалниот развој во училиштето подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаења или размена на искуства во самото училиште или помеѓу училишта. Оваа година ќе се стави акцент на размена на искуства од полето на:

- користење на ИКТ во наставата (образовни интернет портали);
- размена на позитивни искуства;
- примена на техники и други современи методи на работа ( смарт табли, апликации, квизови, онлајн тестови во формс и останати соодветни апликации )

## 20.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Планот за професионален развој се однесува за подобрување на наставната практика од страна на наставниците со крајна цел подобрување на постигањата на учениците.

За оваа цел во училиштето постои и тим за професионален развој.

Главна цел на овој тим е подобрување на наставната практика и пренесување на искуствата меѓу наставниците кои посетувале семинари и обуки. Доколку во текот на учебната година МОН и БРО достават одредени понуди за посета на обуки и семинари тековно ќе се одредат кои ќе бидат носители на тие обуки.

Во однос на личниот и професионален развој за секој наставник директорот на училиштето и стручната служба во своите годишни програми го планираат поединечното следење и напредување на
наставниците преку однапред подготвени интерни критериуми.

Наставниците кои покажуваат афинитети кон одредени подрачја се мотивираат за посета на семинари, обуки, учество на конференции и сл.

За професионалниот развој на наставниците во годишната програма и во програмата на тимот за професионален развој се планира/организира пренесување на знаења и размена на искуства преку организирање на отворени часови и работилници.

Особено акцент ќе се стави на следниве работи:

Едукација на наставниот кадар за изведување на настава на далечина, преку платформа која ќе даде успешност во организација, изведување и оценување на ефектите од наставата;

Подобрување на соработката помеѓу одделенските и предметните наставници (посебно со наставниците во пето одд. и предметните наставници во шесто);

Презентација на проектни задачи од предметна и одделенска настава

Нагледни часови на ниво активи:

Актив на наставници по македонски, англиски и француски јазик

Стручен актив на наставници од општествена група предмети

Стручен актив на наставници по математика, физика и информатика

Стручен актив на наставници од одделенска настава

За подобрување на училишната клима и тимската работа помеѓу наставниците се настојува односите кои се воспоставуваат меѓу наставниците да бидат на високо професионално ниво со искрена меѓусебна соработка и заемна помош.

Продлабочувањето на соработката се остварува низ индивидуалните средби на наставниците во самото училиште, средби на стручните активи како и меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка.

Улогата на училишниот тим за професионален развој е: да се почитуваат принципите за работа; континуирана соработка и поддршка; создавање на култура и подигнување на свесноста за потребата од континуиран професионален развој; поттикнување на доживотното учење и креирање на можност за тимска работа и меѓусебна соработка на наставниците. Сето ова ќе биде ралaround преку активностите планирани во годишната програма за работа на училишниот тим за професионален развој. Планот за професионален развој е фокусиран за подобрување на наставната практика од страна на наставниците со крајна цел подобрување на постигањата на учениците. Овој план е интерен и изработен од тимот за професионален развој. Главна и основна цел на овој план е подобрување на пренесување на одредени искуства од наставници кои посетувале семинари. Со професионалниот развој треба да се опфатат сите наставници од предметна и одделенска настава.

Со програмата се опфатени 5 подрачја, од кои произлегуваат главните цели кои се детално разработени подолу:

1. Планирање и реализација на наставата
2. Излегување во пресрет на потребите и оценување на учениците
3. Создавање безбедна и стимулативна средина и клима за учење
4. Социјална и образовна инклузија на учениците и родителите
5. Професионален развој и соработка

За секој наставник во ООУ „Даме Груев“ Градско, стручната служба во договор и соработка со наставникот води Професионално досие, според Правилникот за водење на професионалното досие на наставникот и стручниот соработник во основното училиште, освен професионалните досиеја на стручните соработници кои ги води директорот на училиштето

(прилог)

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## *21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето*

Родителите/старателите се вклучени во работата на училиштето преку Советот на родители. Во Советот на родители членуваат претставници-родители од сите одделенија во училиштето. Промената на членовите се врши секој септември кога на родителските средби се избираат членовите за во Советот на родители. Советот на родители преку својата програма за работа дава предлози и идејни решенија за соодветни потешкотии во работата, го следи преку извештаите напредокот на училиштето. Родителите/старателите за секое случување во училиштето, постигнувањата на учениците се известуваат преку родителските средби, приемните денови на наставниците и отворените денови. Преку брошура родителите/старателите се известуваат за  најважните активности планирани во годишната програма за работа на училиштето.  Преку програмата за советување родители на ученици кои покажуваат несоодветно однесување, кои имаат три и повеќе негативни оценки по постигувањата и успехот и кои имаат десет и повеќе неоправдани изостаноци и над 100 оправдани стручните соработници остваруваат едукација и советување .(прилог)

## *21.2Влученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности*

Родителите постојано ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма, како и самиот наставен процес на различни начини:

 -преку Советот на родители

 -преку групни и индивидуални средби со наставници

 -преку стручната служба на училиштето

 -преку Е-дневникот

 Со тоа ќе им се даде можност навреме да бидат информирани и навреме да делуваат по прашањето на успехот и поведението на своите деца.

 Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено и кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата.

Ќе бидат земени во предвид дадените предлози од стана на родителите, во однос на учество на разни манифестации (продажни, изложбени и собирни акции во училиштето) како помошници во изработка на производи зависно од темата , промоции, како и посета на одредени институции и објекти кои се тесно поврзани со наставниот план и програми.

## *21.3 Едукација на родителите/старателите*

За одредени теми се организираат едукативни работилници за родителите, работилници и трибини, советодавно индивидуални и групни советувања за одредени проблеми**.**

Покрај погоренаведените облици на соработка со родителите, училиштетоја спроведува и Програмата за советување на родители која се врши со:

- Родители чии ученици изостануваат од настава;
- Родители на ученици кои имаат слаби оцени по три предмети или покажале нагло опаѓање на училишниот успех;
- Родители на ученици кои манифестираат асоцијални облици на однесување.

Преку ваквото советување на родителите се врши едукација за препознавање на сопствениот стил на родителство во служба на подобрување на комуникацијата помеѓу учениците и родителите и надминувањето на постоечките препреки кои се причина за одредено детектирано однесување.

Проследувајќи ги стручните презентации на училишниот психолог родителите ќе имаат можност од стручен аспект да се здобијат со подобри комуникациски вештини и правилен избор на момент и делување врз своите деца.

За промоција на училиштето активно функционира фејсбук страната на која што постојано се објавуваат фотографии и статуси за активностите на училиштето.

Претставниците на родителите во Советот на родители учествуваат со свои евентуални предлози при изработка на информативната брошура за родители.

(прилог)

## 22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

***ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА***

Соработката со локалната заедница ќе се остварува преку повеќе форми на работа, електронски, усно и ќе пристапиме кон реализирање на активностите кои ќе ги понуди истата. (Во прилог на оваа програма има и програма за соработка со локалната средина и заедница.)

***ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТРАТА***

Сите конкурси и покани за натпревари кои стигнуваат во нашето училиште, ќе бидат доставени до одговорните наставници и истите ќе бидат спроведени преку учество на учениците. Ликовните и литературните изложби, споменици и други установи ќе бидат посетени според потребите на наставата и по избор на предметниот или одделенски наставник. Кино и театарските претстави ќе ги

организираме исто така според потребите на наставата со избор на кино или театарска претстава од страна на одговорните наставници и соодветно на возраста на учениците. Сите овие активности се вградени во програмите на стручните активи.

***ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО***

Соработката со МОН може да биде во двонасочна комуникација преку разни барања, дописи, известувања, извештаи и други облици кои што произлегуваат од потребите во текот на целата учебна година, а се со цел постигнување на основните цели на воспитно-образовниот процес. Соработката со БРО се заснова на пишана и електронска комуникација, како и средби организирани од нивна страна за професионален развој на наставниот кадар и стручната служба. Соработката со ДПИ може да биде во пишана, електронска комуникација како и преку разни увиди и посети.

***НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ***

Соработката со невладините организации се заснова на одредени средби, работни состаноци по повод заеднички активности и проекти и сл. Училиштето е отворено за соработка со невладиниот сектор и организациите чија дејност има за цел подобрување на здравјето и условите за учениците. Учениците преку соодветни наставни единици се информираат за задачите на Детската амбасада и СОС центри и се информираат за целта на нивното постоење како и за телефонските броеви. Училиштето соработува со Општинската организација на Црвен крст од Велес и во текот на учебната година се изведуваат повеќе активности

***СПОРТСКИ ДРУШТВА***

Учениците од ООУ „Даме Груев " учествуваат во СУА по физичко и здравствено образование и наставниците преку селекција формираат групи по повеќе спортски дисциплини (спортови - мал фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пинг-понг, шах ) по интерес на учениците од двата пола машки -женски. Сите овие натпревари се во организација на Федерацијата на училишен спорт кое во соработка на канцелариите на училишен спорт Велес учениците учествуваат на општински натпревари во Велес, на овие натпревари

учествуваат сите основни училишта кои што гравитираат во општината. Преку систем на елиминација на овие натпревари учениците учествуваат потоа на регионални натпревари па на државни кои се организирани од Федерацијата на училишен спорт на Р.С.Македонија и се одржуваат во месец мај во тековната година.

## *ЗДРАВСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ*

Како и досега, училиштето ќе продолжи да соработува со институциите кои се директно поврзани со грижата за здравјето на учениците, а тоа се: ЈЗУ Здравствен дом Велес, Центар за социјални работи - Велес,Осигурителна компанија. Во текот на годината ќе се организираат и предавања (најмалку две) според потребата, изведени од стручни лица /надворешни соработници или од Црвениот Крст. Одговорни лица ќе бидат стручните соработници, одговорните на Црвениот крст и еден предметен наставник. Целта на ваквото едуцирање е да се прошират знаењата на учениците и да се развива свеста за значењето на здравјето и водење грижа за сопственото здравје.

## *МЕДИУМИ*

Училиштето изготвува брошури кои им ги даваме на родителите на сите првачиња кои се запишуваат во нашето училиште и таа активност ќе продолжи и понатаму, а ќе биде проширена и со промовирање на училиштето и преку одредени медиуми. Оваа акктивност ќе се реализира во договор со сите наставници и Советот на родители.
(прилог)

# 23.Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/и лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **Вовед;**<br><br>**Општи податоци за основното училиште** | Проверка на веродостојноста на општите податоци во годишната програма, органите на управување, стручни органи и ученичко организирање за време на изработка на годишната програма; | Стручна служба, секретар | Директор |
| **Податоци за условите за работа на основното училиште** | Следење на податоците за училишниот простор, опремата, нагледни сретства, библиотечен фонд и сл. Во текот на учебната година. | Библиотекар<br><br>Комисија за попис | Директор,<br><br>стручна служба |
| **Податоци за вработените и за учениците во основното училиште** | Следење на податоците за сите вработени лица во училиштето, промените во вработувања и сл | Секретар<br><br>Стручна служба | Директор |
| **Материјално финансиско работење** | Извештај за финансиско работење, во текот на година | Претседател и членови на Училишен одбор | Директор, Училишен одбор, Општина Росоман |
| **Мисија и визија,**<br><br>**Веќе научено /стекнати искуства,** | Извештај, записници од реализација на целите и евалуација на плановите | Стручни соработници, во текот на годината, | Директор, Училишен одбор, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Подрачје на промени приоритети и цели,**<br>**Евалуација на акциските планови** | | Тим за следење на акциските планови | |
| **Програми и организација на работата во основното училиште** | Доставување извештај за реализација на наставните планови и програми, на полугодие и крај на учебната година | Сите наставници и стручни соработници | Директор, Локална самоуправа, УО, Совет на родители |
| **Вонаставни активности,**<br>**Ученичко организирање** | Доставување извештај за реализација на воннаставните активности, на полугодие и крај на учебната година | Стручна служба | Директор, стручни соработници |
| **Вонучилишни активности** | Доставување извештај за реализација на вонучилишните активности, на крај на учебната година | Тим за екскурзии | Директор, стручни соработници |
| **Натпревари за учениците** | Доставување извештај за учество на натпревар, во текот на учебната година | Наставниците кои учествуваат на натпревар, поединечно | Директор, стручни соработници |
| **Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција** | Извештај за реализирани активности во насока на развивање на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција | Училишен тим за МИО | Директор, стручни соработници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Проекти кои се реализираат во училиштето** | Извештај за проекти кои се реализирани во училиштето, во текот на учебната година | Индивидуално (наставници) | Директор, стручни соработници, |
| **Поддршка на учениците** | Извештај, записници од постигањата на учениците, професионална ориентација и промоција на добросостојба во училиштето | Стручна служба | Директор |
| **Оценување** | Тимот за следење, и проверка на усогласеноста на оценувањето предвидените стандарди | Стручна служба<br>Сите наставници | Директор |
| **Безбедност и грижа за здравјето на учениците и вработените во училиштето** | Следење на безбедноста во училиштето и здравјето на учениците во текот на учебната година | Директор,<br>Стручна служба,<br>Наставници,<br>Техничка служба | Совет на родители,<br>Училишен одбор, пошироката јавност |
| **Училишна клима** | Следење на дисциплината во училиштето, естетското функционирање и односите меѓу сите структири, во текот на цела учебна година | Директор,<br>Стручна служба | Наставнички совет,<br>Совет на родители,<br>Училишен одбор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Професионалел и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар** | Следење на потребите на наставниците за професионален развој, преземени активности, личен план за професионален развој, на почетокот и во текот на учебната година | Тим за проф.развој<br><br>Стручна служба<br><br>Наставници | Директор |
| **Соработка на основното училиште со родителите/старателите** | Следење на вклученоста на родителите/старателите во животот и работата на училиштето,<br><br>вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности и<br><br>едукација на родителите/старателите со записници од средби, и реализирани активности во текот на учебната година | Стручна служба, Наставници | Директор |
| **Комуникација со јавноста и промоција на училиштето** | Следење на соработката со други основни училишта, медиуми, локална заедница, невладини организации и сл. Преку записници од состаноци и извештај од реализирани активности | Директор,<br><br>Наставници,<br><br>Стручни соработници | Родители,<br><br>Училишен одбор, пошироката јавност |

**Одговорни за имплементација  на годишната програма се сите вработени во основното училиште**

## 24.Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

За навремена и квалитетна реализација и планираните активности во овој плански документ потребна е навремена контрола, евиденција и анализа што  претставува  показател за тоа што е направено и како,  кои се нашите јаки и слаби страни. Исто така ни помага во изнаоѓање патишта за надминување на слабостите и целокупните резултати.

Собирањето на докази поврзани со индикаторите или критериумите за успех се на ниво на помошна алатка со која ќе се изврши проценка на ефективноста на планирањата и на реализацијата на целокупната работа на училиштата, идентификација на областите за кои е потребно дополнително подобрување и дополнително оспособување на раководниот кадар за донесување на издржани одлуки за одржување на силните и надминување на слабите страни.

| Содржини | Индикатори за квалитет/критериуми за успех | Докази | Заклучоци Препораки |
|---|---|---|---|
| **-Табела со општи податоци**<br>**-Податоци за условите за работа на основните училишта** | Услови за изведувањена настава според Нормативот,<br>Максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности,<br>Разновидна стручна литература и наставни средства и помагала согласно со нормативите по сите наставни предмети,<br>Утврдување на потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ опрема, и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови. Користење на ИКТ | -Мапа на основното училиште<br>Податоци за училиштниот простор | |
| **Податоци за вработените и за учениците во основното училиште** | Број на вработени и соодветност на наставниоткадар<br>Ефективност и распоредување на кадарот<br>Стручната служба како поддршка на наставниот кадар | Податоци за: вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа, за раководните лица, за воспитувачите, за вработените административни работници, вработените помошно-технички лица,<br>Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар | |
| **Материјално-финансиско работење на основното училиште** | Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива зафинансиско работење<br>Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет | Годишната програма за работа,<br>Планотза развој на училиштето,<br>Непосредниотувид,<br>Записниците од просветната и санитарната инспекција,<br>Распоредотна часови;<br>Полугодишниоти годишниот извештај,<br>Записниците од работата на стручните активи,<br>Интервјуа со наставниците | |
| **Мисија и визија** | Приспособувањена наставните програмина децата со посебни образовни потреби<br>Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала | Наставните планови и програми од МОН, Годишната програма за работа на училиштето, Тематските планирања на наставниците,<br>Нормативните акти на училиштето,<br>Стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми,<br>Педагошката евиденција и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | документација, Анкети со наставниците, родителите и учениците, Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и со учениците; Записниците од Училишниот одбор, Советот на родители и стручните органи на училиштето; | |
| **LESSONS LEARNED„– Веќе научено/стекнати искуства** | Истражување и споделување на позитивни и предизвик искуства од минатите учевни години кои би придонеле до поуспешна работа во тековната уч.година | Анкета-стручни соработници | |
| **Подрачја на промени, приоритети и цели** | Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>Приспособувањена наставните програмина децата со посебни образовни потреби<br>Избор на наставни предмети | Наставните планови и програми од МОН, Годишната програма за работа на училиштето, Тематските планирања на наставниците, Нормативните акти на училиштето, Стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми,<br>Педагошката евиденција и документација, Анкети со наставниците, родителите и учениците, Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и со учениците; Записниците од Училишниот одбор, Советот на родители и стручните органи на училиштето,<br>Брошурите и интернет страницата на училиштето Програмата за работа на ученичката заедница,<br>Записниците од претходните инспекциски увиди | |
| **Програми и организација на работата во основното училиште** | Применувани наставни планови и програми<br>Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>Избор на наставни предмети<br>Планирањена активности за реализација на | Наставните планови и програми од МОН, Годишната програма за работа на училиштето, Тематските планирања на наставниците, Нормативните акти на училиштето, Стручните упатства и насокиза операционализација на наставните | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | слободнитечасови/проектните активностина училиштето | планови и програми,<br>Педагошката евиденција и документација, Анкети со наставниците,родителитеи учениците, Интервјуа со директорот,стручните соработници, наставниците, родителите и со учениците; Записниците од Училишниот одбор, Советот на родители и стручните органи на училиштето, Поднесени барања, Брошурите и интернет страницата на училиштето<br>Програмата за работа на ученичкиот парламент | |
| **Воннаставни активности** | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности | Записници, извештаи, листи за присуство/учество, пофалници, благодарници и фотографии и сл. | |
| **Ученичко организирање и искуство** | Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки<br>Соработка со локалната заедница<br>Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор<br>Учество на натпревари<br>Избор на екскурзии, на изборни предмети сл. | Записници од состаноци на ученичка заедница и ученички парламент, согласности | |
| **Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција** | Познавање на правата на децата<br>Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот | Анкетите/интервјуата со наставниците, родителите и со учениците<br>Записници од состаноци на ученичка заедница и ученички парламент, согласности | |
| **Проекти што се реализираат во основните училишта** | Соработка на училиштето со родителите<br>Соработка со локалната заедница<br>Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор | Извештаи, фотографии, изветувања и сл. | |
| **Поддршка на учениците** | Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>Превенција од насилство | Годишната програма за работа на училиштето, Куќниот ред, Правилникот за организација и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација** | Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>Квалитет на достапна храна<br>Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование,<br>Грижа за учениците со емоционални потешкотии<br>Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>Анализа на напредокот на учениците по паралелки | систематизација на работата и работните места,<br>Записниците од органите на училиштето, надлежните органи за контрола на хигиената и здравјето на децата, Увидот во педагошката евиденција и документација, Увидот во училишниот простор | |
| **Оценување** | Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност според наставни предмети и според квалификациони периоди и мерки за подобрување во редовната и дополнителната настава<br>Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>Следење на постигањата на ученицитепри премин од еден водруг циклусиод едно до друго ниво на образование, следење на хоризонталнои вертикално движење на учениците | Извештаи од: Тим за следење, анализа и поддршка<br>Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар<br>Самоевалуација на училиштето | |
| **Безбедност во училиштето**<br><br>**Грижа за здравјето** | Реализација на превентивни програми и работилници,<br>Хигиена во училиштето и дворот,<br>Ангажирање на лице за обезбедување на просторото во и околу училиштето<br>Систематски прегледи<br>Вакцинирање<br>Едукација за здрава исхрана –оброк во училиштата<br>Училишна клима<br>Дисциплина<br>Естетско и функционално уредување на во училиштето<br>Етички кодекси | Извештаи од: работилници, Увиди во состојбата | |
| **Односи меѓу сите структури во училиштето** | Углед/имиџ на училиштето<br>Кодекс на однесување<br>Училишна клима | Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>Евиденција за: Соработка на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Поведение и дисциплина во училиштето<br>Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки | училиштето со родителите, со локалната заедница,<br>со деловната заедница и невладиниот сектор | |
| **Професионален и кариерен развој на вспитно-образовниот кадар** | Детектирање на потребите и приоритетите<br>Активности за професионален развој<br>Личен професионален развој<br>Хоризонтално учење<br>Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар | Анкетите/интервјуатасо наставниците, родителите и со учениците,<br>Педагошката евиденција за изречени педагошки мерки, Правилникот за оценување, напредувањето, полагањето испити, видовите пофалби, наградите и педагошките мерки за учениците, Статутотна училиштето, Куќниот ред на училиштето, пофалбите, наградите, признанијата и др | |
| **Соработка на основното училиште со родителите/старателите** | Соработка на училиштето со родителите,<br>Вклучување на родителите во давањето предлози и донесувањето на одлуки,<br>Учество во воспитно образовната работа на училиштето на сите нивоа (наставни, воннаставни)<br>Индивидуаплни и групни средби<br>Едукација на родителите/старателите | Извештаи од родителски средби, советувања, заеднички активности, анкети од Самоевалуација, прашалници, фотографии и сл. | |
| **Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште** | Промовирање на личните постигања на учениците<br>Промовирање на постигањата во име на училиштето<br>Информирање и соработка со медиуми, владини и невладини организации и сл. | Годишен извештај за работа на училиштето<br>Изложените трудови на учениците<br>Паноатасо пофалби, награди<br>Медиумското промовирање на постигањата на учениците<br>Интервјуата со наставниците и со стручните соработници, учениците, родителите | |
| **Следење на на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште** | Редовно евидентирање и увид во реализацијата на сите подрачјаи содржини предвидени со Програмата за работа на училиштето | Извештаи: Полугодишен, Годишен, извештаи за реализирани активности | |
| **Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште** | Извештај за спроведена евалуација на Годишната програма | Евалуација и извештај од Комисија/тим за следење на реализацијата | |

На крајот на учебната година ќе биде подготвен извештај за реализацијата на годишната програма и истиот ќе биде презентиран на стручните и управните органи и тела во училиштето и доставен до соодветните надлежни институции .

## 25.Заклучок

Како појдовен документ во работата на секое училиште изработката на квалитетна годишна програма за работа е императив за успешно одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето. Врз основа на претходните искуства и релевантната литература е изработена и оваа годишна програма.  Во неа детално се претставени општите податоци за училиштето,вработените и учениците. Исто така претставени се и сите активности и проекти што се случуваат во нашето училиште. Разработени се и сите останати сегменти на воспитно-образовниот процес поединечно за добивање на целосна слика за  функционирањето на училиштето.

## 26.Комисија за изработка на годишната програма

*Директор- Каролина Кирова*

*Педагог – Вања Јовановска*

*Психолог – Сара Стојкова*

*Наставен кадар*

## 27.Користена литература

Законот за основно образование
Правилник за изработка на годишната програма
Законот за наставници и стручни соработници
Законот за работни односи
Законот за јавни набавки
Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони
Стратегија за образование 2018-2025
Наставните планови и прорами
Статутот на училиштето
Развојниот план на училиштето
Годишната програма за работа на училиштето од претходната учебна година
Годишниот извештај за работа во училиштето од претходната учебна година
Концепцијата за вонаставни активности во основното образование

Наставничкиот совет ја усвои Годишната програма

На состанокот одржан на 7.7.2023

________________________________________

в.д. Директор Каролина Кирова